# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Комисија за хартии од вредност
на
Република Северна Македонија

**ОКТОМВРИ 2018**

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË**
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
**SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION**
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Сертификат за општествена одговорност

Certifikatë për përgjegjësi shoqërore

IASS- RES.C: 2020-2022

WWW.SEC.GOV.MK

# ЈАКНЕЊЕ НА ТИМСКИОТ ДУХ




Комисијата за хартии од вредност секојдневно вложува напори да создаде работна атмосфера исполнета со позитивна енергија за своите вработени во која покрај тоа што тие ќе ги извршуваат своите секојдневни работни задачи, ќе уживаат во работењето исполнето со ентузијазам. Ваквата позитивна средина е многу важна за физичкото, менталното и за емоционалното здравје на секој вработен во Комисијата, но и за резултатите кои се добиваат од работата во Комисијата.

Исто така, вработените кои добро се чувствуваат на своето работно место, посериозно им пристапуваат на работните активности и покажуваат поголема лојалност кон самата работа и кон Комисијата воопшто.

Во таа насока, со цел да создаде позитивна средина за работа и подобра комуникација помеѓу вработените, во октомври 2018 година Комисијата за хартии од вредност за прв пат организираше тим билдинг настан за своите вработени на тема „Јакнење на тимскиот дух“.

На еднодневниот настан вработените се запознаа со кодексот и правилата на тимската работа, кои воедно се одликите на силните тимови, теоретската рамка на значењето на тимот и тимската работа во насока на развој на тимски дух значаен за остварување на целите и на задачите во работата, како и за градење на силно чувство на доверба.